**Прашања од општини по однос на Првиот повик за финансирање на техничка докуметација (петти дел)**

1. Дали има негативно влијание на оценување ако општината немала претходно искуство во обезбедување средства/донации за техничка документација?

**Одговор**: Претходното слично искуство може да придонесе кон повисоки поени, при евалуацијата на капацитетот на подносителот. Сепак, апликацијата ќе се смета за релевантна (нема да се дисквалификува) и ќе биде соодветно евалуирана согласно важечките критериуми.

2. Дали може да се направи соработка со соседна општина по пат на меморандум за соработка, со тоа што најголема корист од техничката документација за канализација ќе имаат корист граѓаните од општината апликант, а додадена вредност ќе имаат граѓаните од соседната општина (соседната општина нема да е коапликант).

**Одговор**: Доколку граѓаните од соседната општина имаат придобивки од проектот, мора да се наведат какви квантитативни придобивки ќе имаат со имплементација на проектот. Инаку, нема пречка ваква апликација да се поднесе сé додека сите други услови на повикот се исполнети, вклучително и по однос на вредноста на грантот (мал или голем согласно типот на проектот и подносителот).

3. Кај КАПАЦИТЕТ НА БАРАТЕЛОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ: Ве молиме наведете проекти со назначена вредност, на подготовка на проектна документација со користење на надворешни услуги, во изминатите 2 години кои општината ги спровела." Дали овде се мисли само на изготвување на техничка документација на еден проект од стана на некој донатор, или пак се мисли и на негово имплементирање/реализација?

**Одговор**: Приоритетно во овој дел треба да се наведат проектите кои што вклучувале изработка на различен тип на техничка документација по наведените категории, преку ангажирање на надворешни експерти (пр., проектанти, ревиденти, друг тип на експерти).

Проекти за изведба може да се наведат ако како дел од проектот изработувана е соодветна техничка документација (на пр., проект на изведена состојба) во кој што биле вклучени претставници на општината.

4. Во делот „В. Изјава за доставени документи и соодветност кон барањата на повикот", каде како доказ се бара „Имиња и контакти на назначените лица" дали во истото поле да се наведат лицата и контактите или тоа да биде на друг посебен документ?

**Одговор:** Имињата на номинираните лица може да се наведат во посоченото место во изјавата. Дополнително, имињата треба да се внесат и во делот 5 (Капацитет на барателот за спроведување).

5. Во првата серија на одговори на прашања, на прашањето „Кој е вкупниот нето износ на средства што барателите на грант може да го обезбедат од страна на УНДП?" е одговорено дека има две сценарија. Нашиот предлог – проект надминува неколку илјади долари над максималниот износ на грантот (30.000 УСД), што значи дека сме во второто сценарио со вредност на набавката повисока од максималната вредност на грантот, а кофинансирањето треба да биде повеќе од 20% од вредноста на грантот. Моето прашање е ако на пример вкупната вредност на предлог - проектот изнесува 37.000 УСД, дали ги добиваме максималните 30.000 УСД, а остатокот од 7.000 УСД (што е околу 24% од вкупниот износ на грантот од 30.000 УСД) го кофинансираме ние.

**Одговор**: Да, во ваков случај барателот кофинансира со повеќе од 20%.

6. Ни треба појаснување за точка 5 од апликациониот формулар (Капацитет на барателот за спроведување), за кого се однесуваат наведените точки дали за апликанот или барани услови (критериуми) на изработувачот на документацијата, доколку е на апликантот и тој е со повеќе партнери дали треба од секој партнер да има такви лица?

**Одговор**: Се очекува во потенцијалниот меѓуопштински/регионален проект да се вклучат лица од сите општини – корисници на грантот.

7. Дали долунаведената изјава што се бара од документација е посебна изјава што треба да се направи, или тоа е изјавата на крајот од апликацијата што ја дава градоначалникот? Изјава за доставени документи и соодветност кон барањата на повикот потпишана од страна на градоначалникот / директорот на соодветниот центар за развој на планскиот регион (формат подолу)

**Одговор**: Сите потребни изјави (наведени во листата за проверка) се потпишуваат од страна на соодветните градоначалници или директорот на центарот за развој.

8. Во делот: Доколку проектот се однесува на постоен објект за кој се бара реконструкција / санација / надградба, во молиме обезбедете ги следните податоци: - Што конретно се мисли со: Наведете информации од одговорните за управување / одржување на објектот.

**Одговор**: Доколку проектот се однесува за реконструкција / санација / надградба се вообичаено е да се обезбедат следните податоци:

- Сопственик на објектот (број на имотен лист)
- Постојна техничка документација (Проект на изведена состојба, Основен проект и кои фази на проектирање на основен проект)
- Дали објектот е даден под закуп? Ако „да “, на кое правно лице и до кога важи договорот за закуп?
- Дали објектот е во приватна сопственост и се планира да се купи од општината / планскиот регион  Доколку „да“ тогаш да се поднесе изјава од сопственикот(иците) и градоначалникот дека до потпишување на договор со УНДП за донација на финансиски средства ќе се завршат сите купопродажни и имотно-правни прашања.
- Доколку обемот на проектот е надградба или доградба, дали е во согласност со важечкиот ДУП?
- Доколку проектот е претходно реконструиран/рехабилитиран/саниран/дограден или надграден – потребни се следните податоци:
    - Година на последна реконструкција/рехабилитација/санација/доградба или надградба и обсег на работа
    - Дали има техничка документација за реконструкција/ рехабилитација/ санација/ доградба или надградба
- Кој го одржува објектот (правно или физичко лице за редовни и/или повремени градежни и/или други поправки на објектот)?

9. Дали треба да се достави Анекс во ексел за детално разработен буџет?

**Одговор**: Одлука е на подносителите на барање во каква форма ќе го изработат буџетот. Се прифаќа ексел табела како посебен документ, но може да се внесе и табела во апликацијата со прелиминарна проценка на проектниот буџет за сите проектни фази на пример:

- Трошоци за идентификација на проект

- Трошоци за подготовка на техничка документација (по фази – физибилити студии, урбанистички проекти, идејни проекти, основни проекти, елаборати и слично)
- Трошоци за имплементација на градежни работи, дозволи, приближни трошоци доколку е потребна експропријација, или купопродажба на објекти, итн.

10. Во делот В – Изјава за доставени документи – во делот каде што стои не е потребно да се достави документ, доколку се достави, дали има дополнително бодови за истото?

**Одговор**: Доставувањето на овие документи нема да носи дополнителни поени.